Република Северна Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација
Бр. 14-985/31
03.12.2021 год.
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
Бр.-Nr. 14-985/31
03.12 20 21 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# Записник од 37-та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Агенција за електронски комуникации | | |
| **Датум** | 12.11.2021 година | **Време** | 09.30 – 11:00 часот |
| **Бр. на седница** | 37-та седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | | | |
| **Логистичка поддршка** | Владимир Соколов (МИОА), Ангел Симов (МИОА) | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 28.10.2021 година.
2. Подготовка на препораки на НКБК во однос на измени и дополнувања на Правилникот на АЕК за начинот на изградба на јавните електронски комуникациски мрежи и придружни средства.
3. Разно

;

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, ја отвори 37-та редовна седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), која се одржа во Агенцијата за електронски комуникации, при што утврди дека се присутни пет членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во рамките на првата точка, членовите на НКБК едногласно го усвоија записникот од 36-та седница, одржана на 28.10.2021 година, без забелешки.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во рамките на втората точка, претседателот на телото Буковалов, истакна дека по однос на Правилникот дискусијата е во врска со официјално барање од страна на Директорот на Агенцијата, и дека истиот е поврзан како со Европското законодавство така и со националното, односно иако произлегува од ЗЕК е во релација и со Законот за градење. Тој истакна дека од страна на Ангел Симов, вработен во Министерството е направен пречистен текст на правилникот, што ги опфаќа првичниот правилник што е донесен во 2014 година, измените и дополнувањата од 2016 година и предложените измени и дополнувања во 2020 година.

Настеска се надоврза дека по однос на правилникот од страна на телото треба да се дадат генерални препораки, без при тоа да се навлегува во длабинска анализа на самиот текст на правилникот.

Буковалов истакна дека европската регулатива е во насока на пропишување на условите според кои се обезбедува услугата за крајните корисници од страна на операторот, а пред се добивање квалитетна услуга без при тоа да се задира во типот на користени технологии. Тоа доколку повеќе што во врска со електронските комуникациски мрежи постојат препораки за тоа што треба да биде предмет на регулација, а дека предмет на регулација треба да е пред се начинот и условите на

обезбедување пристап кон слободната инфраструктура, и тоа: слободен простор на кабелска канализација, дефинирање на слободна инфраструктура и процедури на заедничка употреба (шерување), градење (заедничко) и заедничка употреба на антенски столбови, точка на концентрација во станбени згради и сл.

Со претходно искажаното се согласи Зоран Дервишов истакнувајки дека технички спецификации не треба да се составен дел на правилникот, а дека тој треба да референцира на меѓународни прописи и стандарди. Тој истакна дека опфатот на овој правилниокот треба да биде во две насоки и тоа: обезбедување пристап на слободната инфраструктура заради заедничко користење (шерување), како и начин на собирање на податоци за постоечка и планирана инфраструктура. Тој истакна и дека деталното мапирање на постоечката инфраструктура не е само во насока на дефинирање на слободните капацитети, туку и е во интерес на самите оператори пред се за подобро користење на сопствените капацитети. Исто така тој ја отвори дилемата и потребата за дефинирање на термини како „слободни капацитети", „капацитети планирани за идни потреби".

**Заклучок:** телото да отпочне со драфтирање на предлог текст на препораки. Опфатот на препораките да се во насока на усогласување на правилникот со Законот за електронските комуникации и Законот за градење, како и соодветна примена на европските директиви.

**За третата точка од дневниот ред,**

Во рамките на точката „Разно„ не се отвори тема на дискусија

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов** ____________________